**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр. 08-436**
**26.08.2019 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеја 10[1] и член 70 став 7 и став 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот, бр.02-3989/2 од 23.08.2019 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, физичкото лице Газменд Лечини наш арх. бр.08-2732/1 од 15.05.2019 година, со дополнување на 22.07.2019 година за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга, на 31-та седница одржана на 23.08.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга

1.СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, физичкото лице Газменд Лечини наш арх. бр.08-2732/1 од 15.05.2019 година, со дополнување на 22.07.2019 година, за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување, на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, затоа што со Студијата бр.08-3931/1 од 15.08.2019 година, се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга.

2.Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по електронски пат на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk), на 14.05.2019 година, доставено е Писмено барање од заинтересирана страна, физичкото лице Газменд Лечини (наш арх. бр.08-2732 од 15.05.2019 година), за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Струга (Прилог бр.1 кон оваа Одлука).

Во врска со предметното барање од заинтересирана страна, а со цел да добие информација дали согласно Планот за доделување и користење на радиофрекфенции

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

има слободни радиофрекфенции за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 20.05.2019 година, се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (наш арх. бр.08-2732/2) (Прилог бр.2 кон оваа Одлука).

На 12.06.2019 година, Агенцијата за електронски комуникации до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Известувањето во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за градовите Струга и Дебар бр.0805-1584/2 од 03.06.2019 година (наш арх.бр.08-2732/3 од 12.06.2019 година) – Прилог бр.3 кон оваа Одлука, со кое меѓудругото ја извести Агенцијата дека: „во согласност со мерењата во струшкиот регион, регистрирани се голем број на радиоемисии од соседните држави со високо ниво. Поради тоа идниот корисник треба да се согласи на евентуална појава на интерференции од соседните држави. Начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Струга се следните: Можна локација на предавател: Вишни; Ефективна иззрачена моќност: 500W; Фреквенција: 87.6 MHz“, како и дека: „Ви потенцираме дека во тендерската документација треба да се напомене можна појава на интерференции во Струга, а иста таква напомена ќе биде содржана и во одобрението за користење на радиофреквенции за радиодифузна служба“. Имајќи ги предвид добиените информации од страна на Агенцијата за електронски комуникации, наведени во Известувањето во врска со можната појава на интерференции во Струга, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со допис – Известување со доставување (наш арх.бр.08-2732/4 од 04.07.2019 година) – Прилог бр.4 кон оваа Одлука, го извести физичкото лице Газменд Лечини за истите, и му посочи дека доколку е согласен за отворање на радио во градот Струга со наведените услови, односно со евентуалната појава на интерференции од соседните држави, треба дополнително да ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На 22.07.2019 година, физичкото лице Газменд Лечини по електронска пошта (наш арх.бр.08-2732/5 од 22.07.2019 година) ја извести Агенцијата дека се согласува со понапред објаснетите условите (евентуалната појава на интерференции од соседните држави) - Прилог бр.5 кон оваа Одлука.

Согласно член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е утврдено дека доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, или Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс се утврди дека има слободни радиофреквенции, или капацитети Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката. За да ги утврди потребите на публиката за телевизиско или радио емитување во соодветната сервисна зона, како и за видот, односно форматот на програмските сервиси за кои треба да се објави конкурсот, Агенцијата може да спроведе јавно истражување.

Следствено на наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио на локално ниво, на подрачјата на општините Дебар и Струга, (наш арх.бр.08-3931/1 од 15.08.2019 година), која е објавена на веб страницата на Агенцијата на 15.08.2019 година[2] - Прилог бр.6 кон оваа Одлука.

Имено, Студијата се изработи за да се утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио емитување, особено од аспект на исполнувањето на целта на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката. Во Студијата е анализирана постојната понуда на радиостаниците кои емитуваат програма на подрачјето на градот Струга, нивното

---

[2] Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио на локално ниво, на подрачјата на општините Дебар и Струга, (наш арх.бр.08-3931/1 од 15.08.2019 година), објавена е на веб страницата на Агенцијата на 15.08.2019 година и достапна е на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/%D0%A1%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%BE-%D0%94%D0%B5%D0%B1%D0%B0%D1%80-%D0%B8-%D0%A1%D1%82%D1%80%D1%83%D0%B3%D0%B0-%D0%921..pdf

економско работење и нивната слушаност во 2018 година, и претставени се податоци за потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи во Струга и Дебар.

Анализата завршува со посебни заклучоци каде што меѓудругото е утврдено дека: „Во градот Струга, каде што потенцијалната публика е 66,008 жители, а потенцијалните огласувачи, односно бројот на активните деловни субјекти е 2.134, веќе работат четири локални радиостаници. Две од нив се музичко-говорни радија од општ формат(едно на македонски и едно на албански јазик), а две говорно-музички радија со претежно информативен општ формат (исто така едно на македонски и едно на албански јазик). Имајќи го предвид наведеното, поточно пазарниот потенцијал од една страна, и постојниот број на радиодифузери од друга страна, како и нужноста при доделување нови дозволи да се води сметка за да се обезбеди одржлив развој на пазарот, јасно е дека не постои оправданостза објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга."

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеја 10[3] и член 70 став 7 и став 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот, бр.02-3989/2 од 23.08.2019 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, физичкото лице Газменд Лечини наш арх. бр.08-2732/1 од 15.05.2019 година, со дополнување на 22.07.2019 година за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга, донесе одлука истото да се одбие, затоа што со Студијата бр.08-3931/1 од 15.08.2019 година, се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Струга. Врз основа на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Прилози (6):**

1. Писмено барање од заинтересирана страна, физичкото лице Газменд Лечини (наш арх. бр.08-2732 од 15.05.2019 година);
2. Допис - Барање информација бр.08-2732/2 од 20.05.2019 година до Агенција за електронски комуникации;
3. Известувањето во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за градовите Струга и Дебар бр.0805-1584/2 од 03.06.2019 година (наш арх.бр.08-2732/3 од 12.06.2019 година) од Агенција за електронски комуникации;

[3] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

4. Допис – Известување со доставување (наш арх.бр.08-2732/4 од 04.07.2019 година) до физичкото лице Газменд Лечини;
5. Известување од физичкото лице Газменд Лечини (наш арх.бр.08-2732/5 од 22.07.2019 година);
6. Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио на локално ниво, на подрачјата на општините Дебар и Струга, (наш арх.бр.08-3931/1 од 15.08.2019 година.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Заинтересираната страна, подносител на писменото барање, физичкото лице Газменд Лечини;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).

**Tatjana Kunevska**

| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Tuesday, May 14, 2019 9:30 PM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: Kerkese per license Radio] |

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.05.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2732 | 1 | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Kerkese per license Radio
From: Gazi lecini <gazmend.lecini@gmail.com>
Date: Tue, 14 May 2019 21:29:48 +0200
To: contact@avmu.mk

Вс акта 0803

Deri te: Drejtori dr. Zoran Trajçevski dhe te antarët e Këshillit të ASHMAA në Shkup, Maqedoni.

KËRKESË

Nga: Phd cand. Gazmend Leçini

Përmes kësaj kërkese shpreh interesimin tim për investim në sferën e radiodifuzionit në Maqedoni.

Pas analizave të mia të tregut mediatik në Maqedoni, kam marrë vendimin që të investoj një pjesë të kapitalit në këtë veprimtari.

Fillimisht shpreh interesin për të hapur një radio private në Dibër me rethinë dhe një në Strugë me rethinë.

Shpresoj që të më këtheni një përgjigje pozitive për realizimin e qëllimeve që i shpreha më lartë.

Me respekt

Phd cand. Gazmend Leçini.

Tel: 00355682066541

Email: gazmend.lecini@gmail.com

До:

Директорот д-р. Зоран Трајчевски и членовите на Советот на ААВМУ во Скопје, Македонија.

БАРАЊЕ

Од Gazmend Leçini

Преку ова барање изразувам интерес за инвестирање во областа на радиодифузијата во Македонија.

По мојата анализа на медиумски пазар во Македонија, одлучив да инвестирам дел од капиталот во оваа активност.

Првично го изразувам својот интерес за отворање на едно приватно радио во Дебар со околината и едно радио во Струга со околината.

Се надевам дека ќе одгорите позитивно за реализација на моите цели кои ги истакнав погоре.

Со почит

Gazmend Leçini.

Tel: 00355682066541

Email: gazmend.lecini@gmail.com

--

This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Агенција за електронски комуникации

За: Г-дин Сашо Димитријоски, директор

Предмет: Барање информација

Бр. 08-2732/2

Скопје 20.05.2019г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

Примено: 20. 05. 2019

Почитуван,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 14.05.2019 година, доставено е Писмо за намери за добивање дозвола за локално радио во подрачјето на општина Дебар и општина Струга, поднесено од страна на физичкото лице Газменд Лечини, наш арх.бр.08-2732/1 од 15.05.2019 година.

Во врска со наведеното, Ве молиме да ни доставите информација за можни слободни фреквенции за емитување радио на локално ниво на подрачјето на општина Дебар и општина Струга, со начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение, односно да ни доставите податоци за фреквенциите за емитување, локацијата на предавателот, како и јачината на истите

Ве молиме да ни одговорите во најкраток можен рок.

Срдечен поздрав,

Изработил: м-р Арѓенд Џелиљи
Одобрил/Контролирал: м-р Арбен Сеити

Согласна: м-р Драгица Љубевска

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 12.06.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2732/3 | 1 | |

Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

**До:Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38**
**1000 Скопје**

*ПРЕДМЕТ: Известување во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за градовите Струга и Дебар*

Во врска со вашето барање информација за слободни фреквенции во опсегот 87.5 – 108.0 MHz за емитување на локална радио програма на територија на градовите Струга и Дебар (ваш бр.08-2732/2 од 20.05.2019), ве известуваме за следното:
Врз основа на техничката анализа од страна на Секторот за радиокомуникации и најновите мерења во реоните на градовите Струга и Дебар, ве информираме за следното:
Во согласност со мерењата во струшкиот регион, регистрирани се голем број на радиоемисии од соседните држави со високо ниво. Поради тоа, идниот корисник треба да се согласи на евентуална појава на интерференции од соседните држави.
Начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Струга се следните:

- Можна локација на предавател: Вишни;
- Ефективна израчена моќност: 500 W;
- Фреквенција: 87.6 MHz.

За градот Дебар се определуваат следните технички параметри:

- Можна локација на предавател: град Дебар;
- Ефективна израчена моќност: 100 W;
- Фреквенција: 104.7 MHz.

Овие податоци треба да се искористат при изработката на тендерската спецификација за јавниот тендер за доделување на дозвола за вршење на радиодифузна дејност – радио на локално ниво.
Ви потенцираме дека во тендерската документација треба да се напомене можната појава на интерференции во Струга, а иста таква напомена ќе биде содржана и во одобрението за користење на радиофреквенции во радиодифузна служба.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: 0805-1584/2
Скопје, 03-06-2019

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр.08-2732/4

Скопје04.07.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: Газменд Лечини**

**Предмет: Известување со доставување**

Почитуван,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 12.06.2019 година, од Агенцијата за електронски комуникации, доставено е Извесување наш арх. бр.08-2732/3 од 12.06.2019 година, во врска Вашето барање информации за слободни фрекфенции за емитување на радио програма на локално ниво за градовите Струга и Дебар, кое Ви го доставуваме во прилог (Прилог бр.1).

Имено, како што е наведено во известувањето од Агенцијата за електронски комуникации, врз основа на техничката анализа од страна на Секторот за радиокомуникации и најновите мерења во реоните на градовите Струга и Дебар, ве информираме дека во согласност со мерењата во струшкиот регион, регистрирани се голем број на радиоемисии од соседните држави со високо ниво. Поради тоа, Вие како иден корисник треба да се согласите на евентуална појава на интерференции од соседните држави.

Начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Струга се следните:

Можна локација на предавател: Вишни;
Ефективна израчена моќност: 500 \Л/;
Фреквенција: 87.6 MHг.

За градот Дебар се определуваат следните технички параметри:

Можна локација на предавател: град Дебар;
Ефективна израчена моќност: 100\Л/;
Фреквенција: 104.7 MHг.

Со оглед на тоа, Ве молиме дополнително да ја известите Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дали се согласувате за отварање на радио во градовите Струга и Дебар, како и за наведените услови односно за појавата на евентуалните интерференции со радиоемисии од соседните држави, за градот Струга.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

*Прилог: Известување во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за градовите Струга и Дебар*

## Mare Tarcugovska

**From:** Jeton Ismaili <j.ismaili@avmu.mk>
**Sent:** Monday, July 22, 2019 3:17 PM
**To:** 'Mare Tarcugovska'
**Subject:** RE:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 22.07.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2732/5 | 1 | |

Здраво,

Најпрво Ви се заблагодарувам што го зедовте во предвид моето барање за да развијам аудиовизуелна активност во Република Северна Македонија.

Во врска со вашето писмо во коешто објаснивте дека во фреквенциите на подрачјето на Струга може да има интерференции од соседните земји и со кое барате мое претходно одобрување, ве известувам дека:

**Се согласувам со ова проблематика што може да се појави бидејќи сум целосно убеден дека преку соработка со релевантните институции ќе може да се најде решение аудиоемитувањето да се реализира во форма која ја бара слушателот.**

Заблагодарувјќи ви се за можноста која ми ја давате, ве молам примете ги моите искрени поздрави.

Со почит
Газменд Лечини

0803
1

**From:** Mare Tarcugovska [mailto:m.tarcugovska@avmu.mk]
**Sent:** Monday, July 22, 2019 2:53 PM
**To:** j.ismaili@avmu.mk
**Subject:** FW:

**Маре Тарчуговска**
**Референт за архивско и канцелариско работење**
**Одделение за општи работи**
**Сектор за информатичка поддршка и општи работи**

**Контакт:**
**Тел.: (+389) 02/3103-435; Електронска пошта: m.tarcugovska@avmu.mk**
**Веб страна: www.avmu.mk**
**Адреса:**
**Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**

**From:** Gazi lecini [mailto:gazmend.lecini@gmail.com]
**Sent:** Monday, July 22, 2019 2:37 PM
**To:** Mare Tarcugovska <m.tarcugovska@avmu.mk>
**Subject:** Re:

Përshendetje.

Se pari Ju falenderoj per marrjen ne konsiderate te kerkeses sime per te zhvilluar aktivitet audiovizual ne Republiken e Maqedonise se Veriut.

Ne lidhjen me letren tuaj ku sqaroni se ne frekunencen e Zones se Struges mund te kete nderhyrje nga vendet fqinje dhe ku kerkoni miratimin tim paraprak, ju njoftoj se:

**Jam dakord me kete problematike qe mund te haset sepse kam bindjen e plote se, ne saje te bashkepunimit me institucionet perkatese, do te mund te gjendet nje zgjidhje qe transmetimi audio te mund te realizohet ne formen qe dhe degjuesi e kerkon.**

Duke ju falenderuar per mundesine qe po me krijoni, ju lutem pranoni pershendetjet e mia me te sinqerta.

Me respekt
Gazmend Leçini

On Thu, Jul 4, 2019 at 3:00 PM Mare Tarcugovska <m.tarcugovska@avmu.mk> wrote:

Pocituvani,

Vo prilog Vi go dostavuvame odgovorot na vaseto baranje.

Pozz


**Маре Тарчуговска**

**Референт за архивско и канцелариско работење**

**Одделение за општи работи**

**Сектор за информатичка поддршка и општи работи**

**Контакт:**

**Тел.: (+389) 02/3103-435; Електронска пошта: m.tarcugovska@avmu.mk**

**Веб страна: www.avmu.mk**

**Адреса:**

**Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје**

**Република Северна Македонија**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**

**медиумски услуги**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Бр. / Nr. 08-3931/1
15.08 2019 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP

# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио на локално ниво, на подрачјата на општините Дебар и Струга

август, 2019 година

**Содржина**

Вовед....................................................................................4
Постојна понуда......................................................................6
Економско работење на постојните радиостаници........................9
Податоци за слушаноста на радиостаниците..............................11
Потенцијална публика.............................................................12
Потенцијални огласувачи.........................................................13
Заклучоци.............................................................................15

## Вовед

На 15.05.2019 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше доставено писмено Барање од заинтересирана страна - физичкото лице Газменд Лечини, за отворање на *„едно приватно радио во Дебар со околината и едно радио во Струга со околината".*

Имајќи ја предвид обврската од членот 70 од Законот за аудио и аудиовизелни медиумски услуги, според која доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување, Агенцијата побара од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) информација дали на подрачјата на општините Дебар и Струга има слободни фреквенции за емитување радио на локално ниво.

На 12.06.2019 година, АЕК ја извести Агенцијата (Известување наш бр. 08-2732/3) дека постојат слободни радиофреквенции, и тоа:

- За Дебар се определуваат следните технички параметри: Можна локација на предавател - град Дебар; Ефективна иззрачена моќност - 100 W; Фреквенција - 104.7 MHz.", а

- За Струга: Можна локација на предавател - Вишни; Ефективна иззрачена моќност - 500 W; Фреквенција - 87.6 MHz, со напомена дека *„Во согласност со мерењата во струшкиот регион, регистрирани се голем број на радиоемисии од соседните држави со високо ниво"*, односно дека е можна појава на интерференции од соседните држави.

Поради тоа, Агенцијата побара од подносителот на барањето да се изјасни дали се согласува со наведените услови. На 22.07.2019 година, лицето Газменд Лечини одговори дека *„се согласувам со оваа проблематика што може да се појави бидејќи сум целосно убеден дека преку соработка со релевантните институции ќе може да се најде решение аудио емитувањето да се реализира во форма која ја бара слушателот".*

Имајќи го предвид горенаведеното, а со цел да се утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радиоемитување, особено од аспект на исполнувањето на целта на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката, во оваа студија е анализирана постојната понуда на радиостаниците кои емитуваат програма на подрачјето на градот Струга, нивното економско работење и нивната слушаност во 2018 година. Освен тоа, претставени се и податоци за потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи во Струга и Дебар.

Во членот 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека неговата цел е *“...во Република Македонија особено да се обезбеди: развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; промовирање на слободата на изразување; развој на независната продукција; поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници; поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој; заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица; развој на медиумската писменост; транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис; транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; техничко-технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество; поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи и; развој на економијата во Република Македонија“.*

Локалните медиуми имаат клучна улога во пренесувањето информации од локален карактер, односно во пренесувањето содржини од значење за подрачјето во кое тие емитуваат програма. Имајќи ја предвид важноста на овие медиуми во обезбедувањето локални вести за граѓаните, во Законот е утврдено дека при оценување на пријавите за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско или радио емитување, тогаш кога дозволата се доделува за емитување на регионално или локално ниво, освен општите, како дополнителен критериум треба да се земе и понудената застапеност на програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмата.

## Постојна понуда

На подрачјето на град Дебар, радиопрограма на локално ниво не емитува ниту една радиостаница.

На подрачјето на Струга, пак, дозвола да емитуваат програма имаат четири локални радиостаници – Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, Друштвото за телекомуникации и радиодифузија ПЛЕЈ РАДИО Струга ДООЕЛ, Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Општина Велешта ДООЕЛ и Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга.

Секоја од овие радиостаници емитува програма по 24 часа дневно, односно по 168 часа неделно. Кај РА Дрини, 90% од емитуваната програма во текот на неделата е музика, а 10% говорен дел, кај РА Плеј и РА Ррапи - 82% е музика и 18% говорен дел, а кај РА 102КА – 93% е музика и 7% говорен дел.

**Структура на планираната неделна програма**

| Структура | Времетраење | | | |
|---|---|---|---|---|
| | РА Дрини | РА Плеј | РА Ррапи | РА 102КА |
| Говорен дел | 15:00:00 | 27:00:00 | 27:00:00 | 11:00:00 |
| Музика | 138:00:00 | 126:00:00 | 126:00:00 | 142:00:00 |
| Други програмски сегменти[1] | 15:00:00 | 15:00:00 | 15:00:00 | 15:00:00 |

**РА Дрини и РА 102КА ФМ се музичко-говорни радија од општ формат**[2] (емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица), а **РА Плеј и РА Ррапи се говорно-музички радија со претежно информативен општ формат** (говорните содржини од програмата исполнуваат претежно информативна функција која не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица).

Најзастапени кај сите четири радиостаници се говорните содржини кои исполнуваат информативна функција. Поточно, ваквите програми кај РА Дрини се емитуваат во

[1] Во „други програмски сегменти" влегуваат содржините коишто не подлежат на класификација, односно: аудио комерцијални комуникации, објави на раиодифузерот во врска со неговите сопствени програми, соопштенија од јавен интерес, апели за добротворни цели, интермецо, верски програми, служби и проповеди, програми за физичка култура и рекреација, најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо.

[2] Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите е достапен на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк:
https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_formatite_na_programskite_servisi.pdf